**Записник од одржаната Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животна средина за спроведување на проектот “Изградба на автопат Миладиновци-Св.Николе-Штип“, Одржана на 02.11.2011**

На ден 02.11.2011 година, во салата на противпожарен дом во општина Петровец, се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот "Изградба на автопат Миладиновци-Св.Николе-Штип". Јавната расправа која ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот Агенција за државни патишта, започна во 12:00часот.

Присутни:

- Билјана Спироска, советник во Одделение за оцена на влијание врз животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)

- Сашка Богданова, претставник на инвеститорот Агенција за државни патишта

- Ана Петровска, консултант, одговорен експерт за изработка на Студијата

- Представници од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање

- Представници од страна на Општина Петровец

- Засегната граѓани (Листа на присутни дадени во Прилог

Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:

1. Отварање и вовед - Јавната расправа ја отвори Билјана Спироска, советник во Одделението за оцена на влијание врз животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници од страна на министерството, инвеститорот, општината и изготвувачот на Студијата, истакна дека јавната расправа е уредно најавена во дневниот печат, на веб старната и во засегнатите општини, а потоа и даде збор на Експертот Ана Петровска да изврши презенатција на Студијата за ОВЖС .

Презентација на студијата за оцена на влијанието врз животната средина
Цел на проектот е изградба на делницата од патната мрежа Миладиновци - Свети Николе - Штип. Автопатот што се планира трасата се води како коловоз со две ленти со вкупна должина од 40 км, од каде што тој продолжува како една коловозна лента паралелно со постојниот регионален пат Куманово - Свети Николе - Штип, додека постојниот пат се адаптира како една лента за автопат од километар 40 до километар 43. Вкупната должина на истаржуваното подрачје изнесува 53+500.

Врз основа на видот и големината на проектот, МЖСПП го задолжи

инвеститорот да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина. Според насоките од УЖС во Студијата анализирани се можните влијанија од изградбата и експлоатацијата на автопатот врз животната средина и тоа: стабилност на косини и ерозија на земјиште, влијание врз пејсажот, фаза на експлоатација (почва), загадувалки материи што се емитуваат во зоната на автопатот, површински и подземни води, акватична флора и фауна, влијание врз рекреацијата бучава, период на изградба, клима и квалчитет на амбиентален воздух , влијание врз материјални добра и др.

Направена е сеопфатна анализа за секое можно влијание од реализација на проектот ипредложени се заштитни мерки за ублажување и компензација на потенцијалните негативни влијанија за кои инвеститорот се обврзува да ги почитува.

Со реализација на проектот ќе се одрази позитивно на остварувањето на рамномерен социјален и економски развој во централно - источниот регион.

3.Дискусија

Прашање: Марија Јанковска - До изготвувачот на Студијата зошто не се анализирани алтернативи во Студијата?

Одговор: Беше одговорено дека се согласува со забелешката, дека за автопатот има алтернативи , меѓутоа како најповолна е анализирана оваа варијанта.

Прашање: Марија Јанковска - До министерството за животна средина има забелешка дека не е објавена корегираната Студија за ОВЖС.

Одговор: Беше одговорено дека претставниците од МЖСПП сметаат дека Студијата е објавена , меѓутоа ќе се провери тоа и доколку е потребно ќе се обајви Студијата за ОВЖС.

Други дискутанти не се пријавија и јавната расправа ја затвори Биљана Спироска во 13:00 часот.

Записничар:
Билана Спироска

| Листа на присутни лица на Јавната расправа за Проектот: "*Изградба на автопат Миладиновци-Свети Николе Штип*", одржана во о.Петровец на 02.11.2011 година | | | |
|---|---|---|---|
| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Контакт тел. и e-mail |
| 1 | Хусни Тачи | УЖС - МЖСПП | h.thachi@moepp.gov.mk 076455448 |
| 2 | Сашка Богданова | Агенција за државни патишта | SASKA@roads.org.mk |
| 3 | Биљана Спироска | УЖС - МЖСПП | b.spirkoska@moepp.gov.mk |
| 4 | Мустафа Камили | МЖСПП | mustafa65@live.com |
| 5 | Хасан Рустеми | МЖСПП | H.Rustemi@moepp.gov.mk |
| 6 | Рајна Дренковска | Град Скопје | Rajna_Drenkovska@skopje.gov.mk |
| 7 | Шошковски Дејан | Општина Аеродром | soskovskidejan@hotmail.com 072 272 421 |
| 8 | Лидија Климоска | Град Скопје | lidijaklimoska@grad.sk.gov.mk |
| 9 | Авни Мамут | Град Скопје | avni_mamut@yahoo.com тел: 071/240 820 |
| 10 | Лидија Фајдига | ГИЗ - | lidija.fajdiga@giz.de 071/321481 |
| 11 | Христина Чакаровска | Дии „Чакар-партнер" | cakarp@t-home.mk 070 328019 |
| 12 | Марија Јанковска | Македонски зелен центар | marija@zeleni.org.mk |
| 13 | Пане Тарсовски | Општина Петровец | |
| 14 | Александар Богојевски | Општина Петровец | aleksandar@poservis.mk |
| 15 | Ана Петровска | Експерт за ОВЖС | ana.petrovska@gmail.com |
| 16 | | | |
| 17 | | | |
| 18 | | | |
| 19 | | | |
| 20 | | | |
| 21 | | | |
| 22 | | | |
| 23 | | | |
| 24 | | | |